(Раскажува Диме Каровски)

Празник на раѓањето на Мала Богородица и празник на есенската рамноденица. Вечерта спроти празникот се оди во манастирот Свети Ѓорѓи во Неготино. Неготинци го слават тој празник. Славата се продолжува со тридневен панаѓур. На панаѓурот се продава се што дала плодната земја и што ќе измајсторат занаетчиите.



**Граматор**

Ние децата, секое лето ја собиравме сувата коренеста трева „грамотор“. Детската дружина уште во август тргнуваше да ја собира оваа, за нас децата, чудесна и радосна трева.

Радоста за собирање беше неизмерна. Се радувавме како да одиме на гроздобер. Нашите родители со гордост гледаа на нашиот детски смел потфат и не поттикнуваа во неговото остварување. Возрасните луѓе од маалото си најдоа место за сместување на грамоторот. Тие знаат дека грамоторот се собира за палење на оган ноќта спроти Бадник. А на Бадниковиот оган се радуваат сите христијани. Мало и големо се собираа околу огнот, огнот кој многу раскажува за Христово раѓање (Божик). При собирањето на тревата грамотор, во детската мисла беше нејзиниот висок пламен, кој разгалено потпукнува и гласно боботи.

Маало кое има многу собрана трева грамотор, ноќта спроти бадник ќе има највисок пламен, пламен за кој ќе разберат сите други маала во Кавадарци. Децата – домаќини на таквиот оган ќе бидат горди. Врз тревата грамотор се нафрлуваат суровици: борови, букови, дабови и габерови. Суровиците ќе создадат јадри, жаровити грутки. На жарот – јадер ќе се испечат костени, тркалезни круши (Врањанки), парчиња тикви, слатки како мед. Во таа ноќ ниедно дете не спие. Секое дете си седи на каменот одреден за него. Децата насаеднати околу распалениоит огин личат како едно семејство, а огнот насреде личи на збогатена софра, од која секое дете зема нешто за јадење.

**Земјоделецот и природа**

Земјоделецот е принуден, цел век да гледа кон небото и својата работа да ја врзува со променливиот табиет. Земјоделците имаат можност своите очи да ги полнат со прекрасниу убавини што ги подарува небото. Очите на земјоделецот се принудени да собираат стравови од градобијните облаци, разбеснетите ветрови и од подивените поројни дождови. Треба отворено да се каже дека белото си е бело, а црното си е црно. Зејмоделецот не зијани само, ами тој од прекрасната присрода и добива. Тој е аркалија (човек со врски и заштита) кај природата. Работата го врзува со прекрасното изгрејсонце, со чудесното зајдување на големата ѕвезда. Од дома не можат да се видат сите салтанати (раскошни чудесии) на природата. За посебна приказна е гласот на којната птица. Не е сеедно каде се разлеваат гласовите на појните птици. Дворот за славејот е распеан и тесен, а полето и планината се како нарачани за неговата прекрасна и разлеана песна.

**Земјоделецот и крстењето**

Како добри христијани тие пред излегување, пред својата порта се прекрстуваат.

Земјоделците редовно се крстат и секој ден упатуваат по некоја молитва кон Севишниот Го молат да им подари убав сончев ден за работа. Лесно да им тргне работата и за се друго што би било од полза за земјоделието.

**Жешко лето**

Во Кавадарци жешкото лето го игра најгорешното оро. Тука авата сета трепери од жештината. Тука, во рамницата нема салам стебло под кое човек би се починал. Нема чиста ава. Нема доволно вода. Водата не е ладна и бистра. Кожата наакува со пукнатини што ги оплодува неподносливата горештина. Комарците ја пијат крвта покрај Луда Мара. Со топлата вода ич не се гаси жедта.

**Петровден жетва**

Во жетварско време и Свети Петар не седел дома, не го празнувал цел ден својот имenden. До пладне чекал гости, а после, ручекот со срп во рака, одел на жетва. Во постаро време и трудниците оделе на жетва, па дури и се породувале на нивата. На многу бебиња лулките им биле на нивата каде што се жнеело.

*Од книгата „Вистински приказни за вечни сеќавања, Кавадарци 1900-1945“, од Зорка Тодорова Младеновиќ, Кавадарци 2010 г.*